# ‚Луѓето на Судниот ден ќе бидат собрани боси, голи и необрежани.‘

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Луѓето на Судниот ден ќе бидат собрани боси, голи и необрежани.‘ Јас прашав: ‚О, Божји пратенику, и мажите и жените заедно – ќе гледаат ли едни во други?‘ Тој, салаллаху алејхи ве селем, одговори: ‚О, Аиша, тогаш состојбата ќе биде толку страшна што луѓето нема ни да помислат да гледаат едни во други.‘“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, опишал дел од настаните на Судниот ден – кога луѓето ќе бидат собрани по нивното оживување од гробовите за пресметка. Тие ќе бидат боси, без обувки, голи – без облека и покривка – и необрежани, како што мајките ги родиле. Кога мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, го слушнала тоа, зачудено прашала: „О, Божји пратенику, и мажите и жените заедно – ќе гледаат ли едни во други?“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ѝ објаснил дека ужасите и стравотиите на тој ден ќе бидат толку големи, што ќе им го одвлечат вниманието и погледите од тоа да гледаат во нечии срамни места.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee